Приватна високообразовна професионална
установа за бизнис студии
ЕУРО КОЛЕЦ
Бр. 03-148/4
06.11. 2018 год
Куманово

Erasmus+

Високообразовна Професионална Установа за Бизнис Студии Еуро Колец

**Приватна Високообразовна Професионална Установа за Бизнис Студии „ ЕУРО КОЛЕЦ“ -Куманово**

Врз основа на доделениот чартер во 2015 година *Erasmus Charter for Higher Education (ECHE)* (270197-EPP-1-2015-1-MK-EPPKA3-ECHE) ПВПУ „ Еуро Колец“ објавува:

**КОНКУРС**
**За мобилност за обука за академски кадар за академската 2018/2019 година**

За мобилност за обука на студентите и академските кадри за реализација на студиски престој во рамките на програмата Е+ клучна активност КА107: мобилност на наставен кадар помеѓу програмски и партнерски земји.
Престојот на студентите на Еразмус + е во времетраење од 5 дена во академската 2018/19 и може да се остварува во периодот од 01 јуни 2018 до 30 мај 2020.
Престојот ќе се одвива во некоја од партнерските земји (Малезија).
Мобилноста е одобрена за 2 кандидата

**Времетраење на мобилноста**

- за академски кадри : пет работни денови (без деновите за патување) со најмалку 8 часови настава или обука

**Право на пријавување**

- академски кадри во работен однос на ПВПУ„ Еуро Колец“ Куманово

Академскиот кадар се пријавува за мобилност исклучиво врз основа на договорите потпишани од нивните матични институции.

**Постапка пред пријавување**

- Академскиот кадар заинтересиран за мобилност во соработка со Еразмус+ координаторот/ЕКТС координаторот должни се да ги проучат правилата за Пријавување како и сите потребни правила во врска со мобилноста

**Потребни документи за пријавување на наставни кадри**

- **Пополнет формулар за пријавување**
- **Потврда за работен однос**
- **CV (Europass формат)**

Сите документи се достапни на веб страната на Универзитетот www.eurocollege.edu.mk во делот Меѓународна соработка/Еразмус+.

**Селекција/рангирање на кандидатите**

Селекција на академски кадар ја прави ПВПУ„ Еуро Колеџ“ Куманово врз основа на следниве критериуми:

- Резултати во наставата
- Мотивираност

**Напомена:** јазичните компетенции се проверуваат on-line пред заминување на мобилност

Студентите ги доставуваат апликациите до Еразмус+ координаторот на ПВПУ„ Еуро Колеџ“ Куманово, којшто има обврска селектираните апликации на единицата да ги достави до Канцеларијата за меѓународна соработка водејќи сметка за крајниот рок за номинација .

**Рокови за пријавување/доставување документи до Е+ координаторот:**
**10 ноември 2018**
**05 мај 2019**
**10 ноември 2019**

Резултатите од Конкурсот ќе бидат објавени по добиеното известување за одобрените мобилности од страна на Националната агенција за европски образовни програми и мобилност.

Евентуалните измени и дополнувања на конкурсот ќе бидат објавувани на веб страницата на ПВПУ„ Еуро Колеџ“ Куманово .

Канцеларија за меѓународна соработка
ПВПУ„ Еуро Колеџ“ Куманово